УДК. 355. 01 .

Митко КОТОВЧЕВСКИ

# ТЕОРЕТСКИ ОПРЕДЕЛБИ ЗА ИСТОРИЧНОСТА И ПОВЕЌЕЗНАЧНОСТА НА ПОИМОТ НАРОДНА ВОЈНА

Првите обиди за определување на општествената природа на народната војна се наоѓаат во расправите за воената вештина кои имале за цел да ја објаснат војната како општествена појава. Нивна заедничка карактеристика е тоа што со поимот народна војна ги означуваат војните во кои народните маси претставуваат општествен субјект на војната.

Жомини, уште во почетокот на 19 век, во своето дело "Преглед на воената вештина", прв ја дефинирал народната војна. Тој напишал: "Народни војни се нарекуваат само оние војни кои се водат против цел еден народ или барем против повеќе народи, кој е загреан со племенитиот оган на својата независност. Во тој случај секој чекор значи една борба. Војската која влегува во таква земја, всушност господари само со она поле на кое логорува.[1]

Од овие определби е јасно утврдена суштината на народната војна и нејзините конститутивни елементи. Но, помеѓу жомениевата дефиниција за народната војна и неговото објаснување за причините на таквата војна постои определена контрадикторност и нејасност.

Меѓутоа, ако се имаат предвид општествено-историските услови и можностите кои Жомини ги имал (поистоветување на експлоататорската класа со народот односно нацијата) тогаш ќе се заклучи дека не станува збор за методолошка некоректност во изведувањето на тој поим.

Оттаму произлегува и историскиот карактер на народната војна, односно нејзината ограниченост и непотполност, разгледувана врз основа на современата општествена стварност.

Фактите кои Жомини не успеал да ги согледа во своите определби на народната војна ги разработил неговиот современик Клаузевиц во делото "За војната", кое и покрај определени слабости претставува социолошка анализа на феноменот на војната и плодна примена на историската анализа на војната.

Според Клаузевиц "Народната војна во културна Европа е појава на деветнаесеттиот век". [2]

---

[1]. Жомини: Преглед војне вештине "Војно дело", Београд, 1952 год.

[2]. Клаузевиц, Карл Фон: О рату, "Војно дело", Београд, 1951 год. стр 410

Тоа според него е предизвикано од продорот на воениот елемент што го извршил низ својата стара вештачка ограда како проширување и јакнење на целиот тој процес кој се нарекува војна.

"Системот на реквизиција, бујниот пораст на војските во огромни маси, а од тоа системот и општата воена обврска, употребата на резервната војска (ландвер) - сите се тоа работи, кои, ако се поаѓа од некогашниот ограничен воен систем, во ист правец, а во тој правец е повикувањето на целото останато население (ландштрум) или општо наоружување на народот"[3]

Исто како и за Жомини и за Клаузевиц, општото наоружување на народот не преставува услов за народната војна, туку решеноста, одлучноста на народот да се бори против непријателот.

Најбитно во овие ставови е тоа што применувајќи го дијалектичкиот метод Клаузевиц ги согледал новонастанатите општествено-историски услови што имале за последица појава на народната војна. Клаузевиц го согледал настапувањето на историската сцена на вооружениот народ како нова појава на деветнаесеттиот век (иако неоправдано ги исклучил сите војни што се одиграле пред тоа, подвлекол М.К).

Учеството на целото население во народната војна според него не претставува празен и апстрактен поим, надвор од просторот и времето, туку од новнонастанатите општествено-историски околности настанати со буржоаската револуција.

Исто така, Клаузевиц утврдил неколку основни критериуми за успешното водење на народната војна и тоа:

1. - "Војната да се води во внатрешноста на земјата;

2. - Да не биде одлучена со една единствена катастрофа;

3. - Војувалиштето да зафаќа значителен дел од земјата;

4. - Карактерот на народот да им оди на рака на преземените мерки;

5. - Земјата да е многу испресечена и непроодна, било со планини или шуми и бари или со природни култури на земјата" [4];

Вредно за нас е да се истакне и неговиот став за дејствата на вооружениот народ во народната војна.

"Неговото дејство зависи од пространството на површината, како во физичката природа процесот на испарувањето. Доколку површината е поголема и до колку е поголем допирот во кој тој се наоѓа во допир со непријателската војска, односно доколку оваа повеќе се раширила, дотолку е поголемо дејството на народната војна. Тој ги руши темелите на непријателската војска како жар кој подло и непрекинато тлее". [5]

Неговото одредување на народната војна претставува огромен придонес во објаснувањето на суштината на таа војна, што исто така може да се согледа и од неговото дефинирање на кабинетската војна и нејзиното

---

[3]. Клаузевид, Карл Фон: О рату, "Војно дело", Београд 1951 год, стр. 410

[4]. Клаузевиц, Карл Фон: О рату, "Војно дело", Београд 1951 год, стр 411

[5]. Клаузевиц, Карл Фон: О рату, "Војно дело", Београд 1951год, стр. 411

споредување со народната војна. И кабинетската војна ја објаснува во зависност од општите прилики во кои се наоѓале државите, обусловени од времето и сите други околности кои се битни за нејзиното расветлување.

Анализирајќи ја политиката во Европа во периодот на седумнаесеттиот век констатира дека државната моќ (на апсолутните монархии) во споредба со поранешната се зајакнува, постанува поголема, додека кабинетот - владата израснува во голема сила каква што до тогаш не постоела. Кабинетот - владата се смета за огромен поседник и управник на големите поседи кои настојува непрекинато да ги зголемува и само зголемува, а поданиците не можеле да имаат никаков посебен интерес во тие настојувања. Така народот во осумнаесеттиот век во непосреден поглед не значел ништо, тој имал само посредно влијание на војната со своите општи вредности. Војната постанувала работа само на владата која се издвоила од народот и самата се поистоветувала со државата, а војната ја водела со помош на талирите од своите ковчези и со помош на голем број невработени скитници. Тоа значело дека војната во тие држави сѐ повеќе се ограничувала само на војската и според целите и според средствата. Од друга страна, војската ја направила војната уште повеќе обична работа на владата и уште повеќе ја оттуѓила и оддалечила од народните интереси.

Значи, за Клаузевиц војната што ја води владата (кабинетот ) која себе се се смета за држава, без учество на народот и надвор од неговите интереси, претставува кабинетска војна.

Овие војни се карактеристични за Европа до појавата на Француската револуција, кога војната повторно постанува работа на народот во која тој влегува во акции со целата своја природна сила, наместо кабинетот и војската.

"Од Бонапарта наваму, војната, постанувајќи најнапред на едната, а потоа на другата страна повторно работа на народот, поприми сосема друга природа или подобро, многу се доближи до својата права природа, до своето апсолутно совршенство." [6]

За поцелосно разгледување на народната војна како феномен во епохата на Француската револуција, значајно е да се потенцираат уште неколку заклучоци на Клаузевиц: "Така, воената стихија ослободена од сите конвенционални граници избила со целата своја природна сила. Причината беше во учеството на народот во оваа голема државна работа, а ова учество делумно произлезе од односите кои ги создаде Француската револуција во внатрешноста на тие земји, делумно од опасноста која се закануваше на сите народи од францускиот."

"Дали ќе остане тоа така, дали државите сите идни војни во Европа ќе ги водат со целата своја сила, и според тоа, само поради големите интереси кои се однесуваат на самите народи, или постепено ќе настапи повторно оттуѓување на владата од народот, тешко е да се каже, и ние најмалку се осудуваме за такво нешто да тврдиме."[7]

-----------------------------------------------

[6]. Клаузевиц, Карл Фон: О рату, "Војно дело", Београд, 1951год, стр511

[7]. Клаузевиц, Карл Фон: О рату, "Војно дело" Београд, 1951год, стр.511

Значи, според Клаузевиц постои суштинска разлика во неговите одредби за народната војна за која учествува целиот народ (ова подоцна класиците на марксизмот ќе го наречат момент на непосредно истапување на масите на историската сцена) и кабинетската војна што ја води оттуѓената влада.

Класната припадност на Клаузевиц најверојатно не му дозволувала (иако од целината на неговото дело може да се констатира спротивното - подвлекол М.К), неговите одредби да бидат конкретно историски втемелени и образложени во целост, што имало влијание во изведувањето на неговите теоретски воопштувања врз основа на крупни историски факти.

Уште во 1914 година во својата студија "Военоисториски проблеми" Меринг го критикувал Клаузевиц укажувајќи на фактот дека свесно се определил да не прави подлабока и подетална анализа на новонастанатите општествено-историски околности.

"Клаузевиц имал добра историска смисла за да не можел да увиди "дека оваа преобразба во воената вештина на Европа", "дека огромните дејствија на Француската револуција врз околината не се засновале толку на новите француски гледишта за водењето на војната колку на внатрешните преобразби на француската држава, на потполно изменетиот начин на државната управа, на карактерот на владата, состојбата на народот итн. "Меѓутоа, "поблиските околности" за него останале нејасни. Тој повеќе сакал "да не се задржува на нивните резултати " [8]

Од овој исказ на Меринг се заклучува дека и самиот тој верувал во тоа дека Клаузевиц "поседувал добра историска смисла" и дека Клаузевиц намерно "не се впуштал во разјаснувањето на поблиските околности, туку на нивните резултати".

Класната припадност на Меринг (роден е во богата буржоаско-чиновничка фамилија, подвлекол М.К.), не го ограничила да се впушти во разјаснувањето на "поблиските околности" во контекстот на конкретната историска состојба, а тоа е буржоаската револуција. Со тоа "поблиските околности" стануваат јасни и произлегуваат од улогата на буржоазијата, која постанала носител на силата на капиталот, "која го отфрли за неа неподносливото туторство на апсолутизмот и почна светот да го преобразува според својот лик."[9]

Од ова произлегува дека и кабинетските и народните војни од тој период и покрај сите свои разлики претставуваат последица и средство на издигнување на буржоазијата како нова владеачка класа, нејзино пресметување со феудализмот и развојот на новите капиталистички производни сили.

Затоа и определбата на Клаузевиц за народната војна може да има стварно значење само во историските рамки на буржоаската револуција, односно само во мерката на таа револуција која се однесува на следните факти:

---

[8]. Меринг: Огледи из историје ратне вештине, "Војно дело", Београд, 1955 год, стр 317 и 318

[9]. Меринг: Огледи из историје ратне вештине, "Војно дело", Београд, 1955год. стр. 318

1. - Со нараснувањето на капиталистичките производни сили се создадени објективни материјални и општествени услови за непосредно вклучување во воените дејствија и на широките народни маси;

2. - Рушењето на структурата на феудалното општество претставувала заедничка цел на младата буржоазија, на останатите делови на третиот сталеж и кметовите, што создало илузија дека интересите на буржоазијата трајно се доближуваат со интересите на народот, а оттаму и илузијата дека "таа е целиот народ"."Овие илузии се неделиви од секоја револуционерна борба, па дури и во извесна смисла нужни за нејзиниот победоносен завршеток."[10]

Но во која мерка Клаузевиц западнал во оваа илузија одредувајќи ја народната војна и дали воопшто западнал, може да се заклучи од прашањата кои самиот ги поставил за водењето на идните војни. Дали тие и понатаму ќе бидат народни војни или повторно ќе дојде до одделување на владата од народот. На овие прашања за Клаузевиц било "тешко да се каже," односно тој "најмалку се осудувал такво нешто да тврди". Но тоа што не го кажал Клаузевиц, го расветлил периодот од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век во кој се издиференцирало двостраното значење на поимот народна војна, чија употреба и денес е доста раширена. Историјата набрзо се погрижила на порадикален и посложен начин да одговори на прашањата што ги поставил Клаузевиц во врска со иднината на народната војна. Историскиот одговор на неговите прашања ги надминале сите претпоставки што можеле да се постават во времето на Клаузевиц, а тоа е зошто дошло до таквата употреба на народната војна и кои се тие две негови значења.

За да се одговори на прашањето дали народната војна и во иднина ќе остане работа на народот или повторно ќе дојде до оттуѓување на владата од народот треба да се анализираат трите значајни општествени процеси што силно се исполиле веќе во средината на деветнаесеттиот век, а се најдиректно поврзани со војната како општествена појава.

Првиот од тие општествени процеси претставува одделувањето и оттуѓувањето на буржоаските влади од народот, односно заострување на класната борба помеѓу пролетаријатот и буржоазијата во земјите во кои буржоазијата веќе се конституира како владеачка класа.

Вториот општествен процес претставува процесот на формирањето на националните држави во деветнаесеттиот век. Тоа оневозможило до крајот да се разбие илузијата и замаглувањата за буржоазијата како претставник "на големите интереси кои се однесуваа и на самиот народ" (формулација на Клаузевиц). Во тој период младата буржоазија претставувала водечка општествена сила во сите војни за национално обединување. Тоа создавало привид за поистоветување на владата и народот, односно поклопување на интересите на буржоазијата со народот во тој историски момент.

---

[10].Меринг: Огледи из историје ратне вештине, "Војно дело", Београд, 1955 год. стр 318.

Третиот значаен општествен процес претставува порастот на економската моќ на капиталистичките држава за водење на војната, а посебно развојот на воената техника. При конституирањето на поимот за народната војна овој процес мошне силно дејствувал во правец на непрекинатото зголемување на човечкиот фактор како фактор на војната, односно врз континуираното зголемување на процентот на непосредно ангажираното население во водењето на војната. Разгледувана од овој аспект, и современата војна без оглед на нејзиниот општествено-политички карактер претставува "работа на народот", односно народна војна.

Овие битни, но во исто време и противречни општествени процеси, имаат и противречно влијание врз можноста за водење на војната како народна војна. Во нив народните маси се исполуваат како општествено-политички субјект на војната од една страна, и како оружје за водење на војната ("топовска храна") кое буржоазијата почнува сѐ побездушно да го употребува за своите цели, од друга страна.

Овие спротивности и противречности го условуваат и двостраното значење на поимот народна војна.

Првото значење е тоа што на поимот народна војна му го дал Клаузевиц и се однесува на разликите помеѓу војните (нивната општествено-политичка суштина) што ги воделе народите за создавање на своите национални држави и рушење на феудалните структури или за зачувување на здобиената национална независност и империјалистичките војни што ги воделе тогашните капиталистички или феудални држави. Но сепак тие народни војни претставувале облик низ кој се пробивала буржоаската револуција и можеле да бидат народни војни во целост, бидејќи границата на народниот карактер на овие војни ја определувала буржоаската општествена реалност - буржоаската револуција. Непостоењето на социјална слобода на експлоатираните структури во општеството ја претставува класната ограниченост на нивниот народен карактер.

Второто издиференцирано значење на поимот народна војна кон крајот на деветнаесетттиот век е неговото квантитативно значење. Достигнатиот степен во развој на општеството, создал такви услови и претпоставки во кои не може да се води војна а во неа да не учествуваат широките народни маси, без оглед на целите и карактерот на војната, односно без оглед на нејзината општествено-политичка суштина. Современата војна постанува тотална појава - го опфаќа скоро целото население а тоа придонесува при употреба на поимот народна војна да се замати неговата суштина. И денес, современите држави можат за определено време целите на војната да ги прикажат како нивни национален интерес. Целта е да се постигне повисок степен на мотивираност и мобилизирање на широките слеви на општеството во водењето на војната. Во Првата светска империјалистичка војна учествувале милиони мобилизирани граѓани низ фронтовите на огромните пространства чии последици се чувствувале и во земјите каде што тие фронтови не достигнувале.

Ленин, во своите статии поимот на народната војна го употребувал во светлината на тие две негови основни и суштински значења. Со него ја означувал војната која ја водат широките народни маси за остварување на своите национални интереси. Исто така во периодот на 1941 година, почесто се служел со поимот народна војна во неговото второ (квантитативно) значење, повикувајќи ги социјалдемократите да не бидат слуѓи на владите кои водат империјалистичка војна за соборување на буржоазијата. Иако Ленин во 1914 година пишувал "Војната на нашите денови е народна војна" (статијата "Состојба и задачи на Социјалистичката интернационала") и ѝ дава квантитативно значење, тој во исто време го разгледува и првото значење на народната војна.

За да избегнат можните теоретски и методолошки погрешки при употребата на поимот народна војна треба да се има предвид нејзиното двострано значење. Исто така експлецитно да се нагласува во која смисла тој поим на народната војна се употребува за да се постигне јасна теоретска зависност и да се избегне замаглувањето на суштината на народната војна.

Mitko KOTOVČEVSKI

## THEORETICAL DEFINITIONS UPON THE HISTORIC AND MULTIPLE SIGNIFICANCE OF THE TERM "NATIONAL WAR"

(Summary)

This study gives an account of definitions upon the social nature of the term "national war".

Starting with the views of Žomini, the first one who defined "national war' at the beginning of the nineteenth century, through Clasusevitz who established several criteria for succesful strategy of the national war, the author touches upon Mering's attitudes about this term.

The author attempts to provide an answer to the question whether in future the people will be the one to make decisions about the national war or whether governments will decide for it. Analizing the double significance of the term "national war", with reference to Lenin's viewes upon this question, the author gives his own contribution to the terminological definition of the term and to the place that this term has in modern society.